... за комунални дејности и инфраструктура
„Кратово“
03-104/2
21.02 2025 год.
Кратово

Архивски знак 0302
Рок на чување 1 ГОД,
21.02 2026 година
Потпис

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ИНФРАСТРУКТУРА -КРАТОВО ЗА 2024ГОДИНА

Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура Кратово од Кратово во својот делокруг на работа опфаќа :

А) Управување со Градските гробишта во Кратово

Б) Одржување на улично осветлување

В) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот

Г) Управување со Градскиот зелен пазар во Кратово

Д) Други дејности од областа на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

А) Во изминатата 2024 година извршени се вкупно 88 погреби од кои 39 погреби во нови гробни места и 49 погреби во постоечки гробни места.

Во изминатата 2024 година Ј.П. „Кратово“ ги има превземено сите неопходни активности за непречено и навремено извршување на погребите во се према законската регулатива.

На градските гробишта извршено е

1. Бетонирање на стази помеѓу гробните парцели со изработка на скалници према теренот, како и рамки за формирање на гробните парцели. Изработени се стази со вкупна површина од 80 м2 и оформени се 40 гобни парцели.
2. Оспособување на помошен влезен пристап со порамнување на теренот и дел тампонирано.
3. Бетонирање на стопи за темели за изработка на пешачкиот премин
4. Санирање на оштетени бетонски патеки
5. Изработка на нов пешачки премин на долот во должина од 13.5 м, со изработка на решеткасти носачи од метални профили поврзани со спрегови за укрутување и поставени на метални столбови, како и поставување на подлога од бродски лим. Истиот е офарбан со антикорозивна боја како и со соодветна боја за метал.
6. Порамнување на терен со сечење на дрвја и жбуње.

За спроведување на горенаведените активности потрошени се следниве материјали:

Цемент 5250 кг
Песок 30 м3
Шајки 7.5 кг
Даски 1,0 м3
Шалонска жица 3 кг
Арматура ф10 и ф12 вкупно 102 кг
Метални профили (за пешачкиот премин) 1550 кг.
Бродски лим 4/5 (за пешачки премин) 1140 кг

Во 2023 година извршени се тековните активности за одржување на Градските гробишта со редовно чистење , косење на зелените површини , чистење на патеките во зимски услови од снег.

Б) Во изминатата 2024 година во областа на одржувањето на улично осветлување извршено е:

1.Промена на светилки од натриум во лед: 67 бр.
2.Одстранување на новогодишно украсување
3.Корекција на поставени светилки:14 бр.
4.Штелување на тајмери
5, Отклонување на дефекти

Се до доделувањето на уличното осветлување на Јавно приватно партнерство

В) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот

Во изминатата 2024 година извршени се следниве активности:

Редовно изнасање на комунален отпад со камион и трактор како и редовно одржување на Јавната чистота на општина Кратово со косење , метење и изнасање на отпадот. Чистење на плоштадот и главните улици од снежните наноси и други активности. Распоредот за собирање на комуналниот отпад од населените места е транспарентен и е прикачен на веб страната на општина Кратово.

Во 2024 година вршено е повеќе пати расчистување на градсата депонија во м.в. Мечкин дол во с. Железница со багер.

Г) Управувањето со Градскиот пазар во Кратово кој со Одлука од Совет на општина Кратово со бр. 09-1412/1 од 10.11. 2017 година е отстапен на користење и управување на ЈП Кратово.

Во 2024 година вршена е редовна наплата од изнајмување на тезгите , а по завршувањето на пазарот вршено е редовно чистење и одржување на хигиената на пазарот.

Д) Други дејности од областа на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

Во 2024 година Ј.П. „Кратово" ги има реализирано следниве активности:

**Јануари 2024 година**

- Извршено е прочистување и поправка на јавен земјен локалниот пат на потег од м.в. Камени кукли до горна Куклица со багер „Hidromak 102B"

**Февруари 2024 година**

- Извршено е кастрење на дрвја од ул. „Св Ѓорѓи Кратовски" и плоштад „Павел Шатев"
- Извршено е чистење на парк „Карши бавча" и патека до спомен костурница .
- Извршено е уредување на просторот околу црквата Св.Ѓорѓи Кратовски со кастрење на ситни дрвја ижбује и изнасање на отпадот.

**Февруари и Март 2024 година**

- Извршено е чистење и поправка на јавниот пат во с. Мушково- с. Нижилово. со работната машина „Hidromak 102B" .

**Март и Април 2024 година**

- Извршено е чистење и поправка на јавниот пат во с. Пендаќ со работната машина „Hidromak 102B".
- Извршено е порамнување на теренот околу црквата во с. Страцин, извршен е ископ на канал за поставување на црево за вода како и извршено е проширување на патот до маало Кошарци во с. Страцин.
  со работната машина „Hidromak 102B"работни часа.
- Извршено е прочистување на пат во маало Тасинци и Кошарци во с. Страцин, ископ на дупка за поставување на бандера до црква во с. Крилатица, ископ и затрупување на канал за одвод во М.В. Крива река, поправка на пат во с. Талашманце, ископ на канал за одвод и прочистување на пат во с. Кетеново, поправка на пат во с. Туралево маало Селимица, ископ и затрупување на канал за вода во с Туралево, прочистување на пат до с. Живалево
  со работната машина „Hidromak 102B"

**Март и Април 2024 година**

- Извршено е кастрење на дрвја, и уредување на речното корито во централното градско подрачје, ЕВН и парк „Карши бавча“.
- Извршено е косење на ниска трева на улици во Кратово.
- Извршено е прскање на трева на улици во Кратово

**Мај 2024 година**

- Извршено е косење на ниска трева на улици во Кратово.
- Извршено е прскање на трева на улици во Кратово
- Извршено е кастрење на дрвја, на ул „Гоце Делчев“, и „Цветко Тонев“.
- Извршено е расчистување од наноси од невреме нанесени на плоштад и ул. „Гоце Делчев“

**Јуни 2024 година**

- Извршено е косење на ниска трева на улици во Кратово
- Извршено е прскање на трева на улици во Кратово
- Извршено е кастрење на дрвја, на ул „Планинска“, и „Цветко Тонев“.
- Извршено е расчистување од наноси од невреме нанесени на плоштад и ул. „Гоце Делчев“

**Јули 2024 година**

- Извршено е косење на ниска трева и чистење на кеј во централното градско подрачје во Кратово
- Извршено е прскање на трева на улици во Кратово
- Извршено е генерално расчистување и перење на плоштадот Павел Шатев пред и после манифестацијата Златни денови..
- Извршено е расчистување на земја, поставување на тампон над поставено водоводно црево на ул „Планинска“.
- Извршено е дотур на тампон со трактор за затрупување на водоводен канал , на ул „Планинска“.
- Извршено е сечење на гранки од дрво -орев на ул. „Гоце Делчев“ по Решение Бр.13-706/2 од 22.07.2024
- Извршено е утовар и изнасање на гранки во трактор и транспорт до депонија
- Извршено е кастрење на ниско жбуње и гранки на пат од Кратово до с. Нежилово
- Извршено е расчистување на земја од Локален пат Кратово до с. Нежилово со багер Hidromek 102B

**Септември 2024 година**

- Извршено е сечење на 20 багреми со ф над 30 см по Решение бр. 08-1058/1 од 13.08.2024 год заради реализација на Проект за реконструкција на линиски инфраструктурни проекти на дел од ул. Мусала во Кратово.
- Извршено е кастрење на дрвја, на ул „Скопска“, ул „Иван Андреев“, и „Цветко Тонев“.
- Извршено е расчистување од наноси на улица Цветко Тонев со работната машина „Hidromak 102B“
- Ангажирање на трактор за изнасање на вишок на материјал од ул „Цветко Тонев“

**Октомври 2024 година**

- Извршено е поправка на шахта во Табачка маала.
- Извршено е чистење на старите гробишта.
- Извршено е расчистување од наноси на улица Цветко Тонев со работната машина „Hidromak 102B“
- Ангажирање на трактор за изнасање на вишок на материјал од ул „Цветко Тонев“
- Извршено е расчистување од наноси на улица Цветко Тонев со работната машина „Hidromak 102B“
- Ангажирање на трактор за изнасање на вишок на материјал од ул „Цветко Тонев“

**Ноември 2024 година**

- Извршено е расфрлање на сол и ризла по локалните патишта и улици во Кратово со трактор со даска и соларка.
- Извршено е чистење на снег од плоштадот и уличките во централното градско подрачје.
- Извршено е расчистување околу црква Св. Ѓорѓи Кратовски, прочистување на канал на ул „Бреза“, чистење на шахта кај Радин мост крпење на дупки на ул „Браќа Миладинови“ копање на канал на ул „Цветко Тонев“ испомош при бетонирање на скали на ул„ Гоце Делчев“ и слично.
- Извршено е расчистување, пробивање и тампонирање на локални патишта во с. Ш. Рудари, с. Татомир и с. Вакв како и од наноси на улица Цветко Тонев со работната машина „Hidromak 102B“
- Ангажирање на трактор за изнасање на вишок на материјал од ул „Цветко Тонев“

**Декември 2024 година**

- Извршено е расфрлање на сол и ризла по локалните патишта и улици во Кратово со трактор со даска и соларка.
- Извршено е чистење на снег од плоштадот и уличките во централното градско подрачје.
- Ангажирање на багер Hidromek 102B за пробивање на локални патишта, прочистување и тампонирање
- Ангажирање на трактор за пренос на тампон и изнасање на вишок земја од улици во Кратово
- Ангажирање на работна рака за прочистување наканали и крпење на ударни дупки за потребите на локалната самоуправа
- Сечење на дрвја ( багреми) со претходен налог од Локалната самоуправа

изработил:
Рате Јовановски
______________________

Кратово

Ј.П. КРАТОВО
Директор
Трајче Михајлов